Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-302/2
Датум: 25.04.2025г

По претставка бр. 08 - 302/1 од 19.3.2025 година поднесена [redacted], во име на ќерките [redacted] против Џудо Федерација на Македонија и Судиска комисија на Џудо Федерација на Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 302/1 од 19.3.2025 година поднесена од [redacted] во име на ќерките [redacted] против Џудо Федерација на Македонија и Судиска комисија на Џудо Федерација на Македонија, **поради ненадлежност**.

## Образложение

На 19.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 302/1, [redacted] во име на ќерките [redacted] против Џудо Федерација на Македонија и Судиска комисија на Џудо Федерација на Македонија.

Подносителката наведува дека повод за поднесување на претставката е несоодветното судење на џудо натпреварите, што резултира со нефер натпреварување, недобивање на стипендии и небезбедни услови за време на натпреварите во кои учествуваат ќерките на подносителката. По конкретни инцидентни на натпревари од нејзина страна биле поднесени приговори, но по истите не било одговорено. Во претставката се наведува дека ќерките на подносителката се дискриминирани врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување.

**По разгледувањето на претставката, Комисијата констатира дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, во претставката не се наведени конкретни дејствија кои укажуваат на тоа дека наводниот третман на посочениот како дискриминатор е поврзан со заштитна карактеристика на подносителот, во смисла на член 5 (дискриминаторска основа) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Односно дека несоодветното постапување на судиите и Џудо**

**Федерацијата на Македонија е насочен кон ќерките на подносителката поради нивната религија, верско уверување или етничка припадност. Оттука, Комисијата постапува само во случаи кога постојат индиции за дискриминаторски дејствија поврзани со заштитна карактеристика, односно кога постојат индиции дека лицето било подложено на неповолен или нееднаков третман поради негова заштитна карактеристика или пак вознемирување засновано на заштитна карактеристика. Фактот што лицата ги поседуваат заштитните карактеристики (одредена етничка припадност или верско уверување) не е доволен за да стане збор за дискриминација. Впрочем, подносителката наведува дека таквиот третман не е насочен единствено кон нејзините ќерки, туку и кон останати членови на клубот. Во таа смисла, несоодветното судење, повреда на етиката во спортот, небезбедни услови во спортот итн., можат да се адресираат до Џудо Федерацијата на Македонија. Доколку ЏФМ не реагира соодветно или е дел од наведениот проблем, подносителката може да се обрати до Македонскиот Олимписки Комитет. Доколку проблемот е сериозен и не се реши на национално ниво, подносителката може да поднесе жалба до Интернационалната Џудо Федерација, чијашто членка е Џудо Федерацијата на Македонија.**

**Имајќи предвид дека во конкретниот случај е опфатен проблем кој не се однесува на барање на заштита на права врз основа на дискриминаторска основа, односно барање за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Димко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk